**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Врз основа на дел II, област Б, мерка 2, точка 2.2. од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2019 година, (Службен весник на Република Македонија бр. 16/2019), Министерството за економија

**Објавува**

# ЈАВЕН ПОВИК

## за организирање на струково специјализирани обуки за кожарска и чевларска индустрија

I

Предмет на Јавниот повик е кофинансирање за организирање на струково специјализирани обуки во кожарска и чевларска индустрија од страна на Министерството за економија, во согласност со Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2019, дел II, област Б, мерка 2, точка 2.2 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/2019), во износ од 200.000 денари.

II

На Јавниот повик може да се пријават сите правни лица кои ги исполнуваат условите.

III

Министерството за економија ќе го кофинансира организирањето на струково специјализирани обука во кожарска и чевларска индустрија:

- **Обука на тема**: Едукација на млади дизајнери во чевларска индустрија;

IV

Пријавите за организирање и реализирање на обуката се поднесуваат до 27.08.2019 година. Постапката за доделување на средствата е содржана во Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2019 година, објавена на web-страната на Министерството за економија. Во прилог на барањето, корисникот на средствата треба да ја достави следнава документација:

1. Решение за регистрација или тековна состојба од Централен регистар (оригинал или копија со печат и потпис на поднесувачот) не постар од 6. месеци
2. Документ за регистрирана дејност -ДРД образец од Централен регистар, (оригинал или копија со печат и потпис на поднесувачот) не постар од 6. месеци
3. Доказ за економско финансиска состојба на правното лице од Централен регистар, (оригинал или копија со печат и потпис на поднесувачот) не постар од 6. месеци
4. План / програма за организирање на обуката
5. Потврда за подмирени јавни давачки од УЈП
6. Уплатници од - 50,00 и 250,00 денари (за административни такси)

V

За активностите од област Б, мерка 2, точка 2.2. од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2019 година, делот на трошоците за оваа намена ги надоместува Министерството за економија во висина од 75% од докажаните трошоци за организација и реализација на обуките.

VI

Минималниот потребен капацитет на реализаторите на обуката е следен:

**Квалификациска структура**:

- Најмалку еден предавач со високо образование со минимум пет години едукативно и практично искуство во областа за обука. Компетенциите и искуството мора да се покаже со релевантни докази и
- Најмалку еден ко-предавач со виша или средна стручна спрема (од наведена индустриска област) со минимум пет години искуство во областа

**Простор и реализација на обуката, опрема и помагала**:

- Најмалку една просторија со минимум 40 места за слушатели, опремена со современи средства за презентација во сопственост на реализаторот на обуката или Договор за соработка со сопственик на таков простор односно Договор за изнајмување на таков простор;
- Простор за практична обука (лабораторија/хала) со опрема за испитување/надгледување на процес или Договор за соработка со

сопственик на таков простор односно Договор за изнајмување на таков простор;

- Едукативен материјал на високо професионално ниво;
- Услови за проверка на знаењата;
- Времетраење на обуките во согласност со проблематиките кои се обработуваат по поодделните индустриски сектори.

Пријавите за доделување на средствата се разгледуваат во Министерството за економија, а Одлука за доделување на средствата донесува Министерот, по што следува потпишување на Договор со корисникот на средствата.

Корисникот на доделените неповратни средства должен е да поднесе докази за наменско користење на средствата, по реализација на обуката.

VII

Пријавата за учество на Јавниот повик се поднесува до Министерството за економија, ул: Јуриј Гагарин, бр.15 – Скопје.

Непотполните пријави нема да се разгледуваат.

VIII

Трошоците наменети за реализација на област Б, мерка 2, точка 2.2. од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2019 година, ќе им бидат исплатени на апликантите, по реализацијата на обуките и во зависност од расположивите средства во Буџетот.